# ЗАПИСНИК

Од одржаната 48-ма седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 13.06.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од 9 советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Вељановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и Николина Лозановска - советник.

## ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 47-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивал на жетвата - Новаци 2024“;
3. Разгледување и донесување на Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирје на манифестацијата „Фестивал на жетвата - Новаци 2024“;
4. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско корисна работа 2024/25 год., за реализација на проектот „Ранливи категории 5“;
5. Разгледување и донесување на Одлука за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
6. Разгледување и донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2024 год.;
7. Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2025 год. на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци;
8. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2024/25 год.;
9. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2024/25 год.;
10. Разгледување на Барање за финансиска помош од Организационен одбор „Пецак - ПМ 2001“ за организирање на меморијалниот турнир во мал фудбал;
11. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 год.;
12. Разгледување на Барање за согласност за линеарно зголемување на платите на вработените на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола;
13. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош:

1. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Виолета Јовановска од с.Бач, за нејзиниот син Антонио, лице со посебни потреби;
2. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Елизабета Јончиќ од с.Новаци за издавање на книга.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 48-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни така што нема да се разгледуваат точките 5 и 6 и воедно да се додадат 2 (две) дополнителни точки, кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледаат на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни ствари – деловени простории;
2. Разгледување на Понуда за соработка од НУ Центар за култура - Битола и Барање за финансиска подршка за реализација на „Илинденскиот караван" во рамките на фестивалот „Илинденски денови"

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** го прифати предлогот за изменување и дополнување на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 48-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени е составен од 15 (петнаесет) точки, со тоа што точката бр. 13 - Советнички прашања, преминува во точка бр.15.

**1 точка** Разгледување и усвојување на Записникот од 47-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 47-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

**2 точка** Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивал на жетвата - Новаци 2024";

По однос на втората точка, Претседателката Најдовска Стојковска им објасни на советниците дека традиционално трета година по ред „Фестивалот на жетвата" ќе се одржи на 19 и 20 јули кај манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица" во с. Новаци. За неговото реализирање, Општина Новаци треба од сопствениот буџет да издвои 700.000,00 ден.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата" - Новаци 2024 година

**3 точка** Разгледување и донесување на Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата - Новаци 2024";

Советот на Општина Новаци беше информиран дека дел од средствата кои се потребни за организација на „Фестивалот на жетвата" се обезбедуваат по пат на донации од правни и физички лица, поради што е потребно Советот на Општина Новаци да донеси одлука за примање на таков вид на донации.

По кратка дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата" - Новаци 2024 год.

**4 точка** Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во програмата на УНДП: Општинско корисна работа 2024/25 год., за реализација на проектот „Ранливи категории 5“;.

За реализирање на проектот „Ранливи категории 5“ од Програмата ОКР 2024/25 година, преку кој се ангажирани 8 лица, кои во АВРМ се евидентирани како долгогодишни активни баратели, потребно е Општина Новаци да учествува со сопствени средства во вкупен износ од 198.000,00 ден.

По кратката дискусија Советниците гласаа по однос на оваа точка така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување на финансиски средства за сопствено учество на Општина Новаци во Програмата на УНДП: Општинско корисна работа 2024/25 година, за реализација на проектот „Ранливи категории 5“.

**5 точка** Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2025 год. на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци;

Советот на Општина Новаци, го разгледа Годишениот план за вработување за 2025 год., при што воочи дека во 2025 год. во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци не се планирани никакви промени во однос на пензионирање или нови вработувања.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2025 година.

**6 точка** Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2024/25 год.;

Советниците го разгледаа Прегледот така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за давање на согласност за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2024/2025 година.

**7 точка** Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2024/25 год.;

По однос на седмата точка, Советниците го разгледаа Прегледот и со **9 гласа за** донесоа Одлука за давање на согласност за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2024/2025 година.

**8 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош од Организационен одбор „Пецак - ПМ 2001“ за организирање на меморијалниот турнир во мал фудбал;

Меморијалниот турнир во чест и сеќавање на Пеце Матически, кој загина во воениот конфликт во 2001 год., традиционално се оддржува во с.Новаци, при што за негово организирање Здружението „ПЕЦАК-ПМ 2001“ достави барање за финансиска поддршка во износ од 180.000,00 ден. Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР достави предлог, финансиската помош да изнесува 160.00,00 ден. Советникот Наумче Смилевски, даде предлог финансиската помош да изнесува 150.000,00 ден.

По разгледувањето на барањето и дискусијата меѓу советниците, Советот на Општина Новаци го прифати предлогот од 150.000,00 ден така што со **9 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Здружение „ПЕЦАК-ПМ 2001“, од Новаци, за организирање на меморијален турнир во мал фудбал во износ од 150.000,00 ден .

**9 точка** Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 год.;

Советот на Општина Новаци го разгледа финансискиот извештај за првиот квартал на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ и констатира дека заклучно со 31.03.2024 год. на жиро сметка има 1.615,886 ден позитивно салдо.

Со **9 гласа за** Советот на Општина Новаци донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година.

**10 точка** Разгледување на Барање за согласност за линеарно зголемување на платите на вработените на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола;

МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, достави барање за давање на согласност за линеарно покачување на платите на секој вработен во висина од 2.392,00 ден. до Општина Новаци како еден од нејзините основачи.

Советниците го разгледаа Барањето така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за давање на согласност за линеарно зголемување на платите на вработените во Меѓуопштинско јавно претпријатие „ ПЕЛАЛИНК“ – Битола.

**11 точка** Разгледување и донесување на Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни ствари – деловени простории;

За да може општина Новаци да даде под закоп деловна просторија која е во општинска сопственост, потребно е да започне постапка за давање под закуп како што е наведено во законската регулатива.

Соодветно на гореспоменатото Советот на Општина НОваци со **8 гласа за** донесе Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни ствари – деловени простории.
( Советникот Наумче Смилевски за време на гласањето беше отсутен)

**12 точка** Разгледување на Понуда за соработка од НУ Центар за култура - Битола и Барање за финансиска подршка за реализација на „Илинденскиот караван“ во рамките на фестивалот „Илинденски денови;

НУ Центар за култура – Битола до Советот на Општина Новаци достави Понуда за соработка во реализирањето на овогодинешниот фестивал „Илинденски денови“- Битола, поточно во реализирањето на неговото 54- годишно издание кое ќе се одржи од 26 до 31 јули. Оваа година ќе учествуваат околу 30-тина ансамби со преку 1000 играорци и музичари. Воедно оваа институција достави барање до Советот на Општина Новаци за финансиска подршка во износ од 50.000,00 ден за реализација на т.н „Фестивалски караван“ каде што дел од интернационалните ансамбли ќе гостуваат во Општина Новаци преку концерт кој ќе се одржи на 27 јули во 21:00 ч. Покрај финансиската поддршка, Општина Новаци ќе обезбеди простор и освежителни пијалоци за учесниците.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на НУ Центар за култура – Битола.

**13 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Виолета Јовановска од с.Бач за нејзиниот син Антонио, лице со посебни потреби;

Советниците го разгледаа Барањето на Виолета Јовановска од с. Бач, за нејзиниот син Антонио, лице со посебни потреби. По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Виолета Јовановска од с. Бач во износ од 20.000,00 ден.

**14 точка** Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Елизабета Јончиќ од с.Новаци за издавање на книга

Советниците го разгледаа Барањето на Елизабета Јончиќ од с. Новаци, која достави барање за финансиска помош за печатење и промоција на нејзината книга „Авторските неологизми во поезијата на Весна Мандушевска Величановска".

Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Елизабета Јончиќ од с. Новаци во износ од 20.000,00 ден.

**15 точка** Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од Дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 48-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска